**20080891690**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.07.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2008 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/08, 37/08, 54/08 и 67/08) во делот II во табелата растително производство во точката 1.2. во колоната критериум и висина на поддршка се додава „висина на поддршка 3.500 ден/ха“ и во точката 1.4. во колоната критериум и висина на поддршка се додава „висина на поддршка 50.000 ден/ха“.

2. По точката 1.15. се додава нова точка 1.16. која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.16. | Финансиска поддршка за компензација на дел од трошоците за дизел гориво за растително производство во производната 2007/2008 година | Критериуми<br>- поддршката се исплаќа според обработена површина растителни култури пријавена со барањето за упис во единствениот регистер на земјоделски стопанства<br><br>- Висина на поддршка<br>-од 0 до 10ха - 2.000 ден/ха<br>-од 10 до 50 ха 1.000 ден/ха<br>-од 50 до 300 ха 500 ден/ха<br>-над 300ха 300 ден/ха | 300.000.000 |

3. Во точката 1.7. износот „202.500.000“ се заменува со износот „2.500.000“.

4. Во делот III во табелата сточарство во точката 2.1. износот „280.000.000“ се заменува со износот „180.000.000“.

5. Во делот IX во став 1 по зборот „година“ точката се брише и се додаваат зборовите: „со исклучок на точките 1.16. и 6.4. за кои рокот за пријавување на производните капацитети е најдоцна до 31.08.2008 година.

Во делот IX во ставот 2 по зборовите: „Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 05.11.2008 година“ се додаваат следните зборови:

„освен за мерките 1.16. и 6.4. барањата ги доставуваат до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31.08.2008 година, а за мерката 6.3. најдоцна до 30.10.2008 година.“

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1656/7
1 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.